Врз основа на член 19, 29 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на РМ 28/96 и 06/02) и член 1 од Одлуката за организирање на Јавно комунално претпријатие на Совет на Општина Свети Николе бр. 0701-1162 од 28.10.2005 година, Управниот Одбор на Јавното Комунално Претпријатие Комуналец на седницата одржана на ден 30.08.2010 година донесе:

# С Т А Т У Т
## (пречистен текст)
На Јавното Комунално Претпријатие “Комуналец “ Свети Николе

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут поблиску се уредуваат организацијата, управувањето и раководењето на претпријатието, дејноста, општите акти и постапката за нивно донесување, информирањето, планирањето, заштитата и унапредувањето на животната средина како и други прашања од значење на комуналното претпријатие.

Член 2

Јавното Комунално претпријатие “Комуналец” (во натамошниот текст јавно комунално претпријатие) се основа заради вршење на стопанска дејност од комуналната област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Св.Николе.

Комуналното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка и за извршените и преземените обврски во правниот промет одговара со целиот свој имот со полна одговорност.

2. ОСНОВАЊЕ

Член 3

Комуналното претпријатие е основано со Одлука за основање на Јавно комунално претпријатие “Комуналец” Св.Николе на Совет на Општина Св.Николе број 0701 – 1162 од 28.10.2005 година.

3. ДЕЈН ОСТ, ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 4

Претпријатието ќе ги врши следните дејности:

41 Собирање, пречистување и дистрибуција на вода
41.0 Собирање, пречистување и дистрибуција на вода
90 Одстранување на отпадоци и губре, санитарни и слични активности
90.0 Одстранување на отпадоци и губре, санитарни и слични активности
01.11/4 Одгледување на посеви и насади неспоменати на друго место
01.41 Земјоделски услуги, уредување и одржување на животната средина и природа
70 Активности во врска со недвижен имот
70.2 Издавање на сопствен недвижен имот

Член 5

Комунаслното претпријатие може да ја промени дејноста со
- проширување на дејноста
- воведувањње нови дејности
- укинување на дејноста

За наводните промени на став 1 од овој член одлучува Управниот Одбор на комуналното претпријатие, а за дејностите од јавен интерес одлучува надлежен орган при основачот на претпријатието на предлог на Управниот одбор на претпријатието.

За воведените нови дејности од став 1 алинеа 2 на овој член комуналното претпријатие е должно да организира посебна книговодствена евиденција за резултатите од работењето.

Член 6

Полното име на фирмата на комуналното претпријатие гласи: ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “КОМУНАЛЕЦ” СВЕТИ НИКОЛЕ, а скратената фирма на комуналното претпријатие гласи ЈКП “КОМУНАЛЕЦ” СВ.НИКОЛЕ со п.о.

Член 7

Седиштето на комуналното претпријатие е во Св.Николе на улица “Карпошева” бр. 82.

Член 8

Комуналното претпријатие има свој печат. Печатот има форма на круг со пречник од 2,5 цм, со текст испишан на кириличко писмо (печатни букви) со фирмата на комуналното претпријатие.

Член 9

Штембилот на комуналното претпријатие има правоаголна форма со димензии 5 x 2,5 цм на која е испишана фирмата на седиштето на комуналното претпријатие.

Член 10

Начинот на употреба, ракувањето, чувањето и злупотребата на печатот и штембилот е регулиран со посебен Закон и акт на комуналното претпријатие.

Член 11

Претпријатието има амблем.

4. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 12

Органи на комуналното претпријатие се:
- Уравен одбор
- Одбор за контрола на материјално – финансиското работење
- Директор

1. Управен Одбор

Член 13

Управниот одбор на комуналното претпријатие се состои од 9 членови, кои ќе бидат назначени од страна на Основачот, седумте члена делегирани од оснивачот како преставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на комуналните дејности кои се предмет на работењето на комуналното претпријатие, а двајца членови од редот на вработените.

Членовите на УО ги именува односно разрешува основачот.

Времетрањето на мандатот на членовите на УО не може да биде подолго од 4 години.

Член 14

Член на УО не може да има лично преку трето лице или по било која основа, интереси на комуналното претпријатие, кои можат да имат било какво влијание на неговата неизвесност и непристрасност во одлучувањето во комуналното претпријатие. Секој член на УО, односно директорот, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на УО.

УО од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

За претседател, заменик претседател или член на УО не може да биде именовано лице на кое со правосилна одлука му е изречена казна заради кражба, измама, издавање чек без покритие, злоупотреба на довербата, фалсификат, лажна изјава дадена под заклетава, освен ако му биде избришана осудата, како и лице кое не било член на УО, друг орган на управување или носител на раководна функција во претпријатието кое престанало со стечај.

Неспоиви се функциите претседател, заменик претседател и член на УО на комуналното претпријатие со функциите градоначалник на општината.

Член 1 5

УО на комуналното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигање на целите на јавното претпријатие во согласно со закон.

УО на комуналното претпријатие:

1. Го донесува Статутот на комуналното претпријатие
2. Ја усвојува програмата за работа и развој на комуналното претпријатие
3. Ја утврдува деловната политика
4. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на комуналното претпријатие
5. Одлучува за употреба на средства остварени со работењето на комуналното претпријатие и покривањето на загубите
6. Ги донесува одлуките за инвестиции
7. Ги утврдува цените на производите и услугите
8. Одлучува за внатрешната организација на комуналното претпријатие
9. Донесува програми, планови одлуки и други акти од обласа на одбраната
10. ОдлучУва во втор степен по приговори
11. Донесува колективен договор на ниво на комунално претпријатие и други општи акти на комуналното претпријатие
12. Врши и други работи утврдени со одлуката за основање на комунално претпријатие, одредбите на овој статут, другите општи акти и закони.

Член 16

Секој член на УО на комуналното претпријатие има еден глас.

Одлуките на УО се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината на сите членови на УО.

Член 17

Претседателот, заменик претседателот и членовите на УО се смеат да земаат заеми или гаранции на заем кои тие ги склучиле со трети лица.

Преземаните дејствија спротивно на став 1 од овој член се ништовни и без правни дејствија.

2. Надзорен Одбор за контрола на материјално финансиски работи

Член 18

За вршење контрола на материјално финансиското работење на комуналното работење се формира надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор за контрола) од 5 членови.

Членовите на одборот за контрола од став 1 на овој член ги именува односно разрешува основачот.

За членови на одборот за контрола може да се именува лице со високо образование кои поседуваат знаење и искуство од дејноста на финансиското и сметководственото работење со мандат не помалку од 4 години.

Член 19

Заради вршење на работите за контрола одборот за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и описи на комуналното претпријатие. Одборот за контрола може заради испитување на документите и списите на комуналното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на одборот за контрола можат да присуствуваат на седницата на УО и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на УО.

Одборот за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на комуналното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на УО. УО не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на комуналното претпријатие ако претходно не добие позитивно мислење од одборот за контрола.

Член на одборот на контрола на комуналното претпријатие не може да има лично преку трето лице или по било која основа интереси во друштво или претпријатие кое е во деловни односи со комуналното претпријатие кои можат да имат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во комуналното претпријатие. Секој член на одборот за контола е должен да го предупредат основачот за постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на одборот за контрола.

Надзорниот одбор за контрола на материјално и финансиско работење се состанува најмалку 4 пати годишно.

Член 20

Членовите на Управниот одбор, членовите на Одборот за контрола на материјално и финансико работење при вршењето на својата функција и останатите членови кои ќе учествуваат во работата на УО и одборот за контрола на материјално финансиското работење ќе примаат паричен надоместок во висина што ќе го определи со Одлука УО.

3. Директор

Член 21

Со работата на комуналното претпријатие раководи директор што го избира односно разрешува градоначалникот врз основа на јавен конкурс. Директорот на комуналното претпријатие може да определи вработен кој во негово одсуство ќе го заменува и ќе го води тековното работење во комуналното претрпријатие.

За директор на комуналното претпријатие може да биде именувано лице кое покрај општите услови предвидени со Закон треба да ги исполнува и следните посебни услови:

Завршена висока стручна спрема од VII степен

Да не постојат законски пречки во вршењето на функцијата директор на претпријатието наведени во член 18 од Законот за јавни претпријатија.

За вработен кои во одсуство на директорот ќе го заменува може да биде определено лице кое покрај општите услови предвидени со законот ги исполнува и посебните услови предвидени како и за директорот.

Директорот на Комуналното претпријатие за својата работа одговара пред градоначалникот.

Директорот склучува договор со градоначалникот за уредување на односите со комуналното претпријатие во кои поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно законот.

Член 22

Директорот на комуналното претпријатие:

- го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на УО
- учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој и одговорен е за нејзиното реализирање-
- учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието.
- Врши усогласување на деловната политика на комуналното претпријатие;
- Врши други иницијативни и креативни работи во врска со работењето на комуналното претпријатие

- Ја организира работата и се грижи за реализација на програмите и плановите за одбрана
- Врши и други работи утврдени со статутот, општите акти, посебни закони во надлежност на директорот на комуналното претпријатие.

Член 23

Функцијата директор е неспоива со функцијата Пратеник на Собранието на Република Македонија , функцијата Претседател или член на Владата на РМ, како и член на Советот и Градоначалник на Општината.

Член 24

Директорот на комуналното претпријатие одговара за резултатите од работењето и за законитоста на работењето на комуналното претпријатие.

Одговорноста на директорот се утврдува согласно со одредбите од Законот за работни односи, Колективните договори и Кривичниот законик.

Член 25

Директорот како застапник е овластен во рамките на дејноста на комуналното претпријатие утврдена со овој статут да склучува договори и да потпишува спогодби како и да го застапува претпријатието пред судовите и другите органи.

За склучување одредени договори и спогодби кои се однесуваат на погплеми инвестициони вложувања за деловно технолошко-техничка соработка со домашни и странски фирми, истражување и развој како и набавка и отуѓување на основни средства директорот мора да побара согласност и одобрение од УО.

Во случај  на отсуствио или евентуална спреченост да ја врши својата функција го заменува заменик директорот со сите права и обврски кој ги има директорот.

Работните задачи, задолженија и одговорности ќе бидат дадени со Правилникот за внатрешна организација на работните места.

Член 26

За одредени работи и задачи директорот и заменик директорот можат да издаваат полномошна во писмена форма на стручни лица , а особено заради застапување пред судовите и другите органи.

Полномошното се издава во писмена форма и може да се однесува за поединечни правни работи или одредена група працвни работи.

Полномошникот го застапува комуналното претпријатие само во границите на полномошното.

## 4. СОВЕТ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 27

Советот на вработените се избира од редот на вработените на прелог на извршниот одбор на мнозинскиот синдикат со тајно гласање.

Советот брои 5 члена.

Мандатот на членовите на вработените трае 4 години.

Член 28

Членовите на советот на вработените не можат да бидат членови на органите на комуналното претпријатие.

Член 29

Надлежноста на советот е да предлага членови на УО од комуналното претпријатие од редот на вработените.

Дополнителните надлежности на советот ќе се регулираат со измени и дополнување на Статутот на комуналното претпријатие во согласност со Законот.

## 5. ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА НА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРЈАТИЕ

Член 30

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците на комуналното претпријатие се формираат помошни органи и тела - комисии кој можат да бидат постојани и повремени.

Во комуналното претпријатие се формираат следните комисии:

1 Комисија за работни односи и колективно договарање

2 Комисија За утврдување на штети, проценка на штети и отуѓување на Расходовани основни средства.

3 Комисија за контрола на боледувањето

4 Комисија за заштита на животната средина

5 Комисија за прашања од одбраната

Надлежноста на наведените комисии од овој член се утврдени во Законот за работни односи, Законот за одбрана, други закони, подзаконски прописи колективни договори и општи акти на комуналното претпријатие.

Бројот на членовите на комисиите изнесува 3 члена со 3 заменика избрани од УО.

Комисиите од своите редови избираат претседател односно заменик претседател кои ги свикува и раководи со работата на комисијата.

Комисиите работат на седница и решаваат во прв степен.

Одлуките на комисиите се полноважни ако за нив се изјаснат повеќе од половината од вкупниот број членови на комисијата.

Член 31

Директорот на претпријатието формира стручен колегиум кој преставува советодавен стручен и оперативен орган.

Со колегиумот раководи и истиот го свикува директорот а неговиот состав во зависност од прашањата што се на дневен ред при преставувањето го определува директорот на комуналното претпријатие.

Стручниот колегиум разгледува стручни и организациони прашања од интерес на комуналното претпријатие.

За заземените ставови стручниот колегиум донесува заклучоци кои ги доставува до УО и другите органи на комуналното претпријатие за натамошна постапка.

## 6.ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 32

ЈКП “КОМУНАЛЕЦ” се организира така што дејноста заради која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техичко технолошки и економско единство на системот
2. Ефикасност во работењето
3. Развој и усогласеност на сопственоит развој со вкупниот стопански развој
4. Заштита и унапредување на добрата од заеднички интерес
5. Трајно уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите.

Член 33

Вработените во комуналното претпријатие внатрешната организација на работењето ја организираат како единствена и неделива целина.

Во кимуналното претпријатие не се основаат подружници.

Во правниот промет комуналното претпријатие настапува самостојно и неограничено а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и со кои се користи.

Комуналното претпријатие стекнува право на подвижни и недвижни предмети, стекнува права и превзема обврски.

Член 34

Комуналното претпријатие го води своето материјално - финансиско работење според финансиските и сметководствените правила и стандарди за трговските друштва.

## 7.АКТИ НА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 35

Освен Статутот во комуналното претпријатие се донесуваат и следните општи акти:

- Правилник за внатрешна организација
- Колективен договор
- Други акти

Актите на комуналното претпријатие мора да бидат во согласност на Статутот на комуналното претпријатие сите општи акти на комуналното претпријатие стапуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето. Толкувањето на општите акти го дава УО на комуналното претпријатие.

## 8.ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕРО

Член 36

УО и директорот се одговорни за редовно, вистинито информирање на работниците за севкупното работење на комуналното работење и остварувањетои распределбата на добивката за располагањето користењето и здружувањето на средствата како и за други прашање од значење за работата на работниците и на комуналното претпријатие во целина.

Работниците во комуналното претпријатие и преставниците на основачот за работата на комуналното претпријатие се информираат преку нивните преставници членови на УО на комуналното претпријатие.

Работниците во комуналното претпријатие се информираат и преку огласната табла и другите средства за информирање на комуналното претпријатие.

## 9.ПРОГРАМА И РАЗВОЈ НА РАБОТЕЊЕТО НА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 37

Со цел зголемувањето на добивката и развојот на комуналното претпријатие се донесува програма за работа и развој на комуналното претпријатие.

Програмата за работа и развој ја донесува УО на предлогот на директорот кој воедно е и одговорен за нејзината реализација.

## 10.ОДБРАНА

Член 38

Работниците во комуналното претприајтие имаат право и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од обласга на ЦЗ во согласност со Законот.

Член 39

Работниците во комуналното претпријатие ја остваруваат одбраната со организирање на работи и задачи од областа на одбраната со обезбедување на средства донесување на акти, планови за одбрана и превземање на мерки во реализирање на плановите и програмите за одбрана.

## 11.ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 40

Со цел за заштита на животната средина УО на комуналното претпријатие донесува програма, акти и соодветни одлуки мерки обезбедува средства за таа намена и по потреба формира и органи и комисии и задолжува поединци кој се грижат за спроведување на програмата одлуките и мерките.

## 12.СИНДИКАТ

Услови за работа на синдикатот

Член 41

Комуналното претпријатие е должно да создаде услови за активности на синдикатот во врска со заштита на правата на работниците од работниот однос утврдени со закон и колективен договор.

Активностите на синдикатот во согласност со став 1 од овој член не може да се спречи со акт на комуналното претпријатие.

Член 42

На барање на синдикатот комуналното претпријатие доставува податоци и информации за оние прашања кои имаат нај непосредно влијание на материјалната и социјалната положба на синдикатот (работниците) и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапката на донесување на Одлуки и решенија што имаатр битно влијание на

материјалната и социјалната положба односно во остварување на правата на работниците.

На синдикалниот преставник му се овозможува непречено комуницирање со комуналното претпријатие или овластеното лице кога е тоа неопходно за остварување на функциите на синдикатот.

Член 43

Комуналното претпријатие обезбедува стручни, административни и технички услови за работа на синдикатот за остварување на синдикалните функции како и услови за наплата на членарината во договор со надлежните органи на комуналното претпријатие.

Член 44

Преставникот на синдикалнмата организација има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност, ниту доведе во неповолна положба вклучувајки го и претходникот на неговиот работен однос поради членство во синдикатиот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците ако постапува во согласност со законот и колективниот договор.

Посебната заштита преставникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за синдикални активности согласно став 1 на овој член што ги презел за време на неговиот мандат.

Член 45

Преставникот на синдикалната организација поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците не може:

- Да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец
- Да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ
- Против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ

Член 46

На преставникот на синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа за негово оспособување и ефикасно вршење на функциите во синдикатот.

На начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот преставник се уредуваат со колективен договор на ниво на комуналните претпријатија.

Член 47

Член на синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на синдикатот чие вршење бара привремено да престане со работа кај комуналното претпријатие има право по престанувањето на функцијата што ја вршел да се врати во комуналното претпријатие на работи и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, за што се случува посебен договор со комуналното претпријатие.

## 13.ШТРАЈК

Член 48

Работниците правото на штрајк го остваруваат во согласност со закон и колективен договор на ниово на комуналното претпријатие.

## 14.ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 49

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на комуналното претпријатие, поедини податоци од работењето и односите во комуналното претпријатие со акт се утврдени со деловна тајна.

Податоците од став 1 на овој член може да се соопштат на трети лица на начин пропишан со закон и посебен акт.

## 15.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

УО го донесе Статутот на ЈКП "Комуналец" на ден 30.08.2010 г.

Член 51

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината членови на УО.

Член 52

Сите акти на комуналното претпријатие ќе се усогласат со Статутот во рок од 6 месеци од стапувањето во сила.

Член 53

Измените и дополнувањето на овој Статут ќе ги врши УО на начин и постапка како и при неговото донесување.

Толкувањето на одредбите на овој Статут ќе ги дава УО во консултација со правната служба.

Член 54

Статутот стапува во сила и ќе се применува осмиот ден од денот на добивањето на согласноста на основачот.

Управен Одбор,
Претседател,

_______________________